# КОМПАС

*Образовна извидничка младинска програма*



## РАЗВИГОРЕЦ

## ПРИРАЧНИК ЗА ВОДАЧ НА ЈАТО

Сојуз на Извидници на Македонија
Водич за спроведување на  образовен програм на извидништвото за развигорци

Скопје 2014

Сојуз на извидници на Македонија
Скопје, 2014

*CIP - Каталогизација во публикација*

*Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје*

*316.346.32-053.6(497.7)*

*ЃОРЃИЕВ, Горан*

*Прирачник за водачи на јата / *автори*

*Горан Ѓорѓиев, Васил Асанчаровски, Никола Уневски, Тамара Ѓорѓиева, Ана Прчковска; фотографија Дончо Наумовски]. - Скопје: Сојуз на извидници на Македонија, 2014.*

*- 168 стр. : Илустр. 21 см*

*Фусноти кпн текстот. - Библиографија: стр. 166*

*ISBN 978-9989-9515-0-3*

*COBISS.MK-ID 94769162*

Старешина на СИМ, Огнен Стефановски
Началник на Биро на СИМ, Христијан Мирчевски
Комесар за програма, Марко Панковски

*Изработката на оваа* публикација е
Подржана од “Messengers of Peace”
Програмата на Светската Извидничка
Организација

# Содржина


Вовед ....................................................................................7

Како да го користам овој прирачник ? ........................................ 9

Програма.............................................................................. 11

Развигорци .......................................................................... 20

РАЗВОЈНИ ПОЛИЊА И ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ ............................... 22

ПРОЦЕСИ, ВОДСТВО, ПРОГРЕСИВНОСТ, СИМБОЛИКА... ............. 32

Симболичка рамка ................................................................ 48

Метод  и начин на работа ...................................................... 62

МЕТОДИ НА РАБОТА ............................................................. 64

Свечености и валоризација .................................................... 70

Валоризација .........................................................................72

Свечености ............................................................................75

ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ ...................................................... 76

ЕВАЛУАЦИЈА ........................................................................ 78

АКТИВНОСТИ ........................................................................80

ИГРИ ...................................................................................... 141

ПАТРОЛЕН ДНЕВНИК ..............................................................157





## Вовед

Почитувани во вашите раце се наога прирачникот за водачи на јата. Истиот е наменет да ви помогне во водењето на вашето јато и да ви пружи поддршка во спроведувањето на извидничката програмата.

Содржината на прирачникот Ви овозможува да се јасно запознаете со целите на извидничката програма наменета за децата во нивната прва година во извидничката организација, логичноста и прогесивноста на истата како и претставува своевиден ресурс од кои можете да црпите идеи за активности, игри и совети за подобро водење на своето јато.

Прирачникот е изработен со цел водачот до добие целокупна поддрка но и да го користи како свој бележник за развојот на своите членови и активностите на своето јато.

Како автори се надеваме дека прирачникот кој го имате во вашите раце ќе биде составен дел од секој ваш извиднички состанок, дека ќе ви помогне кон креирање на најдобри и најзабавни активности за вашите развигорци, дека ќе биде ваш постојан потсетник и пријател дека преку него ќе се забоавувате и ке биде присутен во најмагичните моменти со вашето јато.

Не заборавајте извидништвото не би било она што е доколку не нуди учење и забава за сите, преку овој прирачник трудете се постојано да се забавувате, уживајте во креирањето на магични моменти за вашите развигорци а Вие низ тој процес ќе се стекнете со непроценливи знаења и искуства.

Ви посакуваме незаборавни состаноци, излети и авантури !

# Како да го користам овој прирачник ?

Прирачникот е поделен на неколку дела со цел да ви овозможи полесен прстап до информациите



Првиот дел од прирачникот го опфака информативно педагошкиот аспект потребен на водачот во кој можете да најдете информации за извидничката организација, извидништвото во Македонија, методите и облиците на работа во извидничката орагнизација како и едукативно развојните цели на извидничката програма. Во овој сегмент од прирачникот можете да ги најдете и каректеристиките на развигорците и нивните потреби претставени низ полињата на развој.



Вториот дел од прирачникот е наменет за совети од практичен карактер. Во овој сегмент водачот може да најде информации кои се клучни за квалитетно водење на своето јато а за каректеристиките на водачот и што се очекува од него-како да биде подобар. Во овој сегмент ќе најдете информации за важноста од односите со родителите на вашите развигорци, валоризацијата, евалуацијата и како да планира активности.



Третиот дел ги опфака предложените активности од основната програма на Сојузот на извидници на Македонија преку кои со вашето јато ќе ги постигнете едукативните цели и развојот на развигорецот низ тематските задачи-активности. Овој дел е наменет за водачот да црпи идеи, да биде насочен но и да ја оценува својата работа,квалитетот на активностите, постигнувањата на јатото и неговите членови.

Четвртиот дел предтсвува збир од игри кои водачот може да ги користи за своето јато. Игрите се задолжителен дел од работата со развигорците и нудат забава која е есецијална за развигорците да се задоволни и срекни. Користете редовно игри и постојано забавувајте се !



Петиот и шестиот дел од овој прирачник е интерактивен патролен дневник за вашето јато и вашите членови. Овде ке го бележете напредокот на вашите членови, активностите и забележувате за активностите на вашето јато.



Младинската програма е јадрото во извидништвото.

Токму на локално ниво се случуваат најголемиот број и најважните извиднички активности; таму секој млад човек е опкружен со околина од која се едуцира (активности, игри, процедури, традиции, структура, атмосфера...) кои го поттикнуваат неговиот/нејзиниот целосен развој.

Најголемото мнозинство од водачи ја имаат клучната улога во обезбедувањето на потребните услови за да се постави оваа околина за едукација на младите. Но многу чество водачите се повикани да служат на движењето на национално ниво иако нивна главна задача е да ги подржуваат и изведуваат активностите на локално ниво.

Младинската програма вообичаено се координира на национално ниво од Комесарот за програма кој е задолжен да обезбеди постојана релевантност на програмата и нејзино правилно и целосно спроведување на локално ниво, односно во патролите во одредите.

“Основната програма е збир на тоа **ШТО** младите луѓе го работат во извидништвото (активностите), **КАКО** го изведуваат тоа (Извидничкиот метод), и причината **ЗОШТО** го прават тоа (ЦЕЛТА).



Програмата за развигорци се состои од општи и посебни знаења, кои темелат на оригинални идеи на основачот на извидничкото движење. Општиот програм ве воведува во припремите за трите нивоа на посебниот програм за вештините. Остварувањето на програмта мора да биде состанво и континуирано, стекнувањето на знаењата и развивањето на способностите се одвива преку извидничкиот метод и постојани активности на членовите во што е можно повеќе амбиентална природа и низ игри.

Новите членовои во извидничката организација најпрвин се запознаваат со организација е се воведуваат во нејзе, процес кој што трае 2 до 3 месеци. По тоа членовите даваат завет односно во целосн се вклучуваат во целост на пргграмата и го започнуваат својот пат низ програмата на СИМ. Секое ниво содржи одреден број тематски целини групирани во програмски области. Сите тематски целини се надополнуваат и надградуваат. Предстојните задачи од тематските целини се дел од основната програма на СИМ која е изготвена врз потребите на развигорците и овозможува нивни потполен развој. Преку спроведувањето на овој програм, развигорците остваруваат напредок на интелектуален, телесен, емоционален, социјален, духоев и карактен развој-план.

Нивоата развигорците ги освојуваат постепено преку активности на состаноците, излетите и останатите видови на активнсоти во своето јадро, особено во природа. Освојувањето на нивотата на програмата се одвива по правила за сите членови на јатото истовремено. Водачот на јатото ја следи работата и развојот на развигорците во што му помогнува овој прирачник. Содржината на нивоата јатото ги остварува како целина, а разигорците кои учествувале во спроведувањето на програмските активности, стекнуваат право за носење на знакот на соодветното ниво. Посебниот дел на програмта служи како дополна, проширување и продлабоќување на опсштиот програм. Тој дава можност за

истрачување и остварување на специифични работи , склоности и интерес на поедини членови.

Посебниот програм е содржан во вештарството.

Вештините претставуваат збир на разновидни активности, тематски врзани за поединечна област на животот на луѓето, животните или природата.

Во работата со вашето јато имајте на ум дека децата ги интересираат рановидни работи, така да треба да целите сите состаноци да бидат разновсрни.

Користете различни методи на работи, играјте си многу со нив, пејте, сликајте и цртајте, читајте им приказни, разговарајте, давајте загатки, изработувајте ѕидни весници...

Бидете активни.

Следејќи ја програмата одете во прошетки, посети, претстави, музеи, излети и на тој начин освојувајте ги програмските цели и актвности.

Многу е важна тимската работа, однесувајте се со нив како тим, разговарајте за задаќчите кои треба да ги изработите, договарајте распоред на должности.

Секој член од јатото треба да има свој удел во задачите како се цел сите да се чуствуваат потребни и корицни. Исто така трудете се од секоја активнсот сите да извлекуваат заклучок и преку тимската работа кога вашиот труд кје роди плод сите да се веселите.



Основач на извидничкото движење е ***Лорд Роберт Баден Пауел***.

Роден е во Лондон 22 Февруари 1857 година.




Во летото 1907 година Б.П. составил 22 деца од различни социјални слоеви и ги однел на островот Браунси (блиску до Лондон), организирајќи прв експериментален логор. Патролите на ова логрување биле гавран, волк, бизон и галеб. Членовите ги нарекол извидници по сеќавање на војните извидници кои се бореле со него во Бурската војна. Организација ја нарекол “Boy scout association”. Така 1907 година се смета за почеток на извидничкото движење. Јавноста се запознала со организација кога во 1908 година била публикувана неговата книга “Scouting for boys” која е продадена во повеќе од 200 000 примероци. Книгата денеска е преведена на повеќе од 40 сведски јазици.

Извидничката организација се проширила многу брзо низ целиот свет, а во 1920 година е основана меѓународната извидничка канцеларија. Б.П. во 1912 година се жени со Оливија Сен.Клер Соамес која постанува негова голема подршка за развој на извиднишвото а покасно и лидер на “Girl guides”.

Б.П. умрел на 8 Јануари 1941 година и е погребан во Најроби, Нигерија.

***WOSM (World organization of scout movement)***
***Светската организација на извидничкото движење***

Извидништвото како движење постои во повеќе од 216 држави и региони. Свтесктата организација на извидничкот движење (WOSM) е мегјународна ирганизација која ја составуваат членки на национални извиднички сојузи и организации.

Сојузот на извидници на Македонија припаѓа на европскиот извиднички регион а покрај него постојат и следниве региони:

Интер американски, афркинаски, арпаски, еуроазиски и азијапацифички. Од своето основање во 1907 година па до сега, извидништвото никоаш не престанало да расте.

Денес има повеќе од 31 милион челнови-момчиња и девојки. Извидничкото движење помага во развојот на демократијата и грагјанското општество. Извидниците не представуваат ниедна политичка партија или организација а сепак активно се вклучуваат на градење на заедницата и татковината.

**Од последната порака на Б.П.**

Верувам дека бог не поставил на овој весе свет за да бидеме среќни и да уживаме во животот. Среќата не доаѓа од тоа дали некој е богат ниту дали е успешен во својата кариера , ниту предпуштањето на уживањето. Еден чекор кон среќата е да се направиш себе здртав и силен додека си дете, така да можеш да бидеш корисен и да можеш да уживаш во животот кога ќе станеш човек.

Проучувањето на природата ќе ти покаже колку инзворедни и убави работи бог направил на светот за ти да уживаш. Биди задоволен со она што го имаш и направи од тоа најдобро што можеш. Гледај на светлата страна на работите наместо на онаа мрачната. Но вистинскиот пат до среќата е давање среќа а други луѓе.

Потруди се да го оставиш овој свет маку повеќе од тоа што си го нашол, па кога ќе дојде твојот ред за умирање, можеш да умреш среќен со чуство дека не си го залудно потрошил своето време туку си направил најдобро ѓшто може. Биди подготвен за да живееш среќно и умреш среќен.

Држи се цврсто за својот извиднички завет и тогаш кога ќе престанеш да бидеш дете и бог ќе ти помогне да го одржиш.

Твојот пријател, Роберт Баден Пауел".



*Сојуз на извидници на Македонија*

Сојузот на Извидниците на Македонија има долга традиција, уште од 1921 година. Во тогашна Македонија се формирани првите Стегови и тоа на територијата на Скопје, а во текот на 1923 год. и 1924 год. формирани се повеќе такви Стегови и тоа во Куманово, Штип, Битола , Струмица и Гостивар, а со самото тоа е фромиран и Вардарскиот Скаутски регион со с едиште во Скопје.

Во почетокот од 1921 до 1940 година се споменува дека се организирани многу летни логори и школи а како една од најмасовните акции/активности во тој преиод е заведена и прославата на осумдесетиот роденден на основачот на Светското Скаутско Движење, лордот Роберт Баден Пауел.

За време на втората светска војна поради затекнатата ситуација престануваат сите активности на Скаутската организација во Македонија.

Во 1953 год. Од страна на поранешни членови на Скаутската организација се основа слична на неа но со нови име – Сојуз на извидници на Македонија. За прв Старешина на Сојузот е избран Васил Ѓоргов, а за негови заменици Божидар Ничота и Нико Този.По ова Сојузот работи на својата програма и организира републички смотри на секои две години, а на секои четири членоството на СИМ учествува на Сојузните смотри. За овој период исто така каракатеристичо е она што се остварени и првите меѓународни контакти со во 1959 год. и со белгиските Црвени Ѓаволи во 1960 год. кои престојувале во извидничкиот ценатар Охрид. По осамостојувањето на Република Македонија на 8-ми септември 1991 год. меѓународната соработка на СИМ е на завидно ниво, покрај соработката со Сојузот на извидниците на Југолсавија –СИЈ и сојузот на извидидниците на Словенија – ЗТС,

плодна соработка е остварена со Сојузот на извидниците и извидничките на Баварија –БДП и со Шпанската скаутска федерација-АСДЕ.Во овој период по осамостојувањето СИМ ги остварува и првите контакти со Светската Скаутска организација , а се однесуваат на прием во WOSM ( Светска организација на извидничкото движење).Во тие три години додека се чекаше на прием, СИМ оствари повеќе активности од меѓународен карактер, а тоа беа: учество на Европската Конференција во 1995 год, 18 и 19-то Светско Џамбори во Холандија и Чиле, 34 и 35 Конференција на ЊОСМ, 10-от Светски Мут во Шведска во 1996 год.Не треба да се заборави учеството на голем број на извидници од СИМ и големиот број на школи и семинари одржани во Словенија, Кипар, Унгарија , франција и семинари и Школи одржани од страна на Европското скаутско Биро.

Членството кое се споеменува моментално е организирано во 15 одреди – единици ширум Македонија и многу нови иницијативи за нови одреди кои монетално се во процедура за исполнување на условите за полноправно членство во Сојузот на извидниците на Македонија.

Во овие повеќе од 60 години на постоење СИМ има традиција на организирање на голем број на ориентациони и полигонски натпреварувања, семинари, школи за водачи , советувања, летни и зимски логорувања и многу други извиднички активности.Покрај активностите на СИМ и одредите ширум РМ организираат голем број на ориентациони натпреварувања , а неодамна и Школи за обука на кадри, а на нив приоритет им е работата, воспитувањето и едукација на младите членови.Овие активности се организираат во природа или пак онаму каде што постојат извиднички центри како што се на Охридското Езеро во Охрид и Струга и ширум целата Македонија каде што се наоѓаат извиднички домови во планина,село или град.Голем датум во историјата на СИМ е 25 јули 1997 година кога Светската организација на Скаутското движење – WOSM соопшти дека Сојузот на извидниците на Македонија е примен за полноправна членка и дека е во алијансата на 146 –те земји членки на WOSM.

# Развигорци

Развигорците се најмладата категорија на членство во Сојузот на извидници на Македонија. Најчесто тоа се млади деца на возраст од 7 до 9 години. Во овој период овие деца се отворена книга со неиспишани страни. Задачата на извидничката организација е да одговори на нивните потреби и љубопитност, да ги научи на здрави навики и да ги ппотикне кон нивен развој.

Карактеристики на развигорците:




1. Чувствителна категорија
2. Не се адаптираат лесно
3. Имаат селективна меморија
4. Потребна им е мотивација
5. Сакаат да знаат се
6. Имаат големи очекувања
7. Брзо менуваат мислење
8. Бараат многу внимание
9. Не се самостојни
10. Полни се со идеи

Нашата цел е да секоја млада личност која го поделила искуството на Извидничкото Движење треба секогаш да даде се од себе да биде:

Личност со слобода и интегритет

Со чиста мисла и искрено срце, со јака волја, одговорна и самодоверлива, со лична заложба за нејзиниот живот, постојана и вистинита за нејзиниот свет, подготвена да им служи на другите, вклучена во својата заедница, бранител на правата на другите луѓе,

заложен за демократијата и предан во развојот, љубител на правдата и промотер за мир, кој ја цени човековата работа, и го гради своето семејство со љубов, свесен е за своето достоинство и на другите, и дели со сите весело и односно.

Креативна личност

Која го остава светот подобар од тоа каков што го нашла, и се бори за интегритетот на природниот свет, учи постојано и бара сеуште неиспитани патишта, кој ја работи својата работа добро, слободен од гладдта да поседува, независен од материјалните нешта.

Духовна личност

Со прозрачен начин на живот, кој го отвара своето срце кон својата духовна реалност, ја живее својата судбина весело и ја прави дел од својот секојдневен живот, отворен за дијалог и разбирање и ги почитува религиозните верувања на другите.

*Законите на развигоците:*

*Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен*

*Развигорецот ги почитува своите родители и постарите*

*Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен*



# РАЗВОЈНИ ПОЛИЊА И ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ



## Физички Развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| Препознаени Потреби<br><br>Одржување<br><br>Ефикасност | ➢ Го прифаќа својот дел од одговорностите за хармоничен развој на неговото тело.<br><br>➢ Може да ги опише главните биолошки процеси кои го регулираат неговото неговото/нејзиното тело, ги прифаќа своите физички способности и превзема дејствија да го заштити своето здравје.<br><br>➢ Го вреднува својот изглед, се грижи за личната хигиена и онаа на околината, одржува соодветна и воедначена диета и постигнува воедначена распределба на време и одмор, физички, интелектуални и социјални активности.<br><br>➢ Ги развива своите сетила(вид, слух, вкус, мирис, допир) и физичка спремност, надоместувајки за сите неспособности. |

## Интелектуален Развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| Прибирање на информации<br><br>Обработка на информации<br><br>Решавање на проблеми | ➢ Го развива своето чувство за љубопитност и систематски прибира информации за го прошири своето знаење.<br><br>➢ Способен е да анализира и класифицира информации и да ги примени во своето искуство и околина.<br><br>➢ Способен е да се прилагоди на различни ситуации, развивајки капацитет за мисла, иновација и авантура.<br><br>➢ Способен е да решава проблеми со поставување на хипотези, експериментирање и извлекување на заклучоци.<br><br>➢ Покажува дух на иновативност и креативност преку користење на своите технички и рачни вештини.<br><br>➢ Ја цени науката и технологијата како начини да се разберат и да им се помогне на луѓето, општеството и светот. |

## Односен развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| **Само откривање и свесност**<br><br>**Само изразување**<br><br>**Одговорности и самоконтрола** | ➢ Способен е да ги препознае и прифати своите емоции и да ги разбере причините и ефектите кои тие можат да ги имаат на други луѓе.<br><br>➢ Способен е да изрази различни видови на емоции користејќи разноврскност на креативни техники(пр. музика, игра, театар, сликарство, поезија, глума).<br><br>➢ Се однесува наметливо и е срдечен кон други луѓе без да е закочен или агресивен, почитувајки го својот и туѓиот интегритет.<br><br>➢ Способен е да ги цени добрите нешта во животот со цел да надополни за тешкотиите и одржува состојба на емотивна стабилност и среќа. |

## Општествен Развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| **Односи и комуникација**<br><br>**Соработка и водство**<br><br>**Солидарност и служба** | ➢ Волен е да истражува други начини на живот, ја смета разноврсноста повеќе како збогатувачка отколку заканувачка. Способен е да препознае и предизвика сексуални и етнички стереотипи.<br><br>➢ Способен е да препознае разни причини на конфликити, владее со спречувањето на конфликти и вештината за решавање на конфликти и ги применува во секојдневниот живот со цел да придонесе кон мирот.<br><br>➢ Способен е да работи како дел од тим, комуницира ефективно, управува со заеднички проекти и служи активно во локалната заедница, влијаејќи на процесот на промени за општо добро.<br><br>➢ Способен е да објасни како се во светот е дел од еден поврзан и воедначен систем и дека одржливиот развој ја вклучува меѓузавосноста на многу човечки и околински фактори. Способен е да поврзе локално дејствие на глобално ниво.<br><br>➢ Способен е да ги објасни принципите на човековите права и многуте начини на кои тие може да бидат порекнувани или промовирани низ општествени, економски, политички и културни фактори, применувајќи ги во својот живот и превзема дејности соодветно. |

## Духовен Развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| **Добредојде, запрашување, работа, мудрост**<br><br>**Обучување**<br><br>**Духовно откритие** | ➢ Бара Духовна Реалност преку: откривање на чудата на природата; сочуствувајќи со други луѓе; соработувајќи со други луѓе да го подобри светот; превземајќи одговорности за сопствениот развој.<br><br>➢ Способен е да ја препознае и објасни духовната важност на личните и заедничките искуства.<br><br>➢ Го истражува духовното наследство на својата заедница и комуницира со секого, без разлика на нивните религиозни убедувања, барајќи да воспостави комуникација меѓу луѓето.<br><br>➢ Ги прави своите духовни принципи дел од својот дневен живот, постигнувајќи постојаност меѓу нив, својот личен живот и своето учество во општеството. |

## Карактерен Развој

| Образовни Патеки | Образовни Намери |
|---|---|
| **Идентитет**<br><br>**Автономија**<br><br>**Преданост** | ➢ Ги признава своите можности и ограничувања, има критичка свесност за себе, се прифаќа каков/ва што е и одржува добра слика за себе.<br><br>➢ Му приоѓа на животот весело и со смисла на хумор.<br><br>➢ Превзема одговорности за својот развој и си поставува цели да ги постигне.<br><br>➢ Покажува критичка свесност за светот околу себе, способен е да прави сопствени избори и да ги прифати последиците.<br><br>➢ Ги изразува своите погледи наметливо, прави обврски и ги одржува и покрај тешкотиите.<br><br>➢ Прави напори да стане финансиски независен ја цени својата работа и работата на другите. |

| Возраст | Области на Личен Развиток | | |
|---|---|---|---|
| | **Физички** | **Интелектуален** | **Односен** |
| **7-10 години** | Послаб раст. Во спокој со своето тело. | Интелектуална љубопитност. Развој на капацитетот за логичко размислување на одредени податоци.Представа за конзервација, можност да класифицира, прави збирки и брои. | Латентен период: Емотивна стабилност. Односна приврзаност која оди надвор од семејниот круг. |
| **10-11 години (момчиња)**<br>**11-12 години (девојчиња)** | Појава на пубертет: Забрзување во растот; трапавост; Појава на секундарни полови карактеристикиНезадоволен од своето тело. | Фаза на одредени логички операции. Развој на капацитетот за логичко размислување на апстрактни податоци. | Будење на полиот? Нагон со појавата на биолошкиот пубертет. Силни но збунувачки емоции. Потреба од пријатели. Потреба да се утврди како личност. Поистоветување со херои. |

| **Возраст** | **Области на Личен Развиток** | | |
|---|---|---|---|
| | **Општествен** | **Духовен** | **Карактерен** |
| **7-10 години** | Реципрочни размени. Прилагодување на различни улоги;способност да се замисли себеси во ситуација не некој друг. Детето се обидава да се прилагоди на група и да биде ценето. | Прифаќање на семејносто духовно наследство. Одобрување на конвенционалниот морал. Ориентација кон "редот" и "законите". | Одобрување на групата. Преку прилагодување на широка разноврсност на ситуации(школо, групи), детете се открива себе си како повеќекратна личност. Тој/таа се здобива со подлабоко разбирање за себе. |
| **10-11 години (момчиња)** <br> **11-12 години (девојчиња)** | Правилата од детството се под прашање. Способност да создаде нови правила низ заедничко сложување. Воспоставување на групи за заеднички активности. | Развој на морална автономија. Прифаќање на моралните принципи како начин на делење на правата и одговорноста во група. | Период на спротивење и одбивање на претходната идентификација. |

| *Физички Развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| | Го оценува ризикот вклучен во неговите/нејзините постапки. |
| Поистоветувачки потреби | Покажува дека знае каде се главните тела на неговото/нејзиното тело. |
| Одржување(да се биде здрав и виток) | Развива добри навики да го заштити своето здравје. |
| Ефикасност | Учествува во спортски активности, ги знае правилата и прифаќа порази. |

| *Интелектуален Развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| Прибирање на информации | Може да го изрази она што му/и е чудно или изненадувачко |
| Обработка на информации | Ги објаснува заклучоците што ги извлекува од приказните, сказните и ликовите во нив. |
| Решавање на проблеми | Покажува интерес во пронаоѓањето на причините на феноменот што го гледа. Опишува како предметот, кој го знае, може да се искористи. |

| *Односен Развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| Само-откривање и свесност | Ги препознава и ги опишува своите емоции и чувства. |
| Само-изразување | Учествува во драматички, мимички и други начини на изразување. |
| Одговорност и самоконтрола | Прифаќа критики, направени од јатото, со срдечен дух.<br><br>Кажува што мисли без да ги повреди своите пријатели или да им се смее.<br><br>Покажува дека тој/таа ја прифатил физичката реалност помеѓу мажот и жената како нешто природно. |

| *Општествен развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| Односи и комуникација | Покажува почит за мислењето на другите луѓе |
| Соработка и водство | Прифаќа правила и покажува смисла за фер во игрите<br>Ги исполнува задачите доделени на него/неа во јатото |
| Солидарност и служба | Одработува мала индивидуаллна служба секој ден |

| *Духовен Развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| Добредојде<br>Запрашува<br>Работи<br>Мудрост | Се восхитува и ужива во природата.<br>Приметува и препознава добри дела на своите пријатели |
| Идолопоклоние | Активно учествува во медитација или молитва. |
| Духовно откритие | Покажува интерес во откривање за својата семејна религија.<br>Покажува дека разбира дека вредноста на неговата/нејзината вера се искажува во ставот кон пријателите и семејството. |

| *Карактерен Развој* | |
|---|---|
| **Образовни чекори** | **Развигорци** |
| Идентитет | Цени она што тој/таа е во можност да го направи. |
| Автономија | Прифаќа тешкотии весело. |
| Предаденост | Постепено открива дека неговите/нејзините извиднички вредност се рефлектираат во ставовите кон пријателите и познаниците.<br>Воглавно ги исполнува задачите што ги превзема. |

| ИЗВИДНИЧКИОТ МЕТОД | РАЗВИГОРЦИ |
| --- | --- |
| Заветот и законите | Допирливи правила на однесување-краток текст, едноставен речник кој лесно е разбирлив од децата. |
| Тимски систем | Тимот(шестката) постои но нивната автономија е сеуште слаба. Шестичниот Совет ги обединува шестките и возрасните водачи со цел да се организира групата. |
| Симболичка рамка | Книга за Џунглата |
| Природа | Вовед во природата и логорувањето. |
| Учење преку работа | Кратки игри и активности на јатото. Мисловниот свет има важна улога. |
| Развој | Развојни програми основани на симболичноста на џунглата и јатото. Голема важност има дружењето. |
| Улогата на возрасните | Возрасните имаат основна улога во планирањето и оценувањето на активностите. Се обидуваат да им дадат вистински одговорности на децата колку што е можно. Тие обезбедуваат физичка и емоционална сигурност. |

# ПРОЦЕСИ, ВОДСТВО, ПРОГРЕСИВНОСТ, СИМБОЛИКА...

## Улогата на водачот

**-Како голем брат или сестра**

Како секоја група, јатото има водач кој ги насочува кон одредени цели:
Ова е улогата на водачот на јатото или помошникот водач.

Но за разлика од другите групи, јатото е група составено од млади луѓе кое има едукативни цели, така да оваа улога е различна од онаа на групи со постари луѓе.

Исто така оваа група е пријатна околина која има забава и децата се приклучуваат за да играат и да бидат важен дел од околината. Едукативните цели на групата не варираат на причината на децата за да се зачленат. Виситна е дека едукативната смисла е вплетена во сите аспекти на јатото, но ние постарите кои го водиме јатото го знаеме тоа. Децата само играат, и преку организирана игра тие спонтано учат и ги асимилираат вредностите на животот.

Децата не се приклучуваат во јатата за да учат општи предмети или некој да го мери нивното знаење, одат во школо за тоа. Тие не доаѓаат за да добијат таткова љубов или мајчинска грижа, имаат дом за тоа. Тие не доаѓаат да ги исполнат своите религиозни должности, имаат црква или храм за тоа. Тие не се приклучуваат во јатото за да стекнат психички вештини, имаат спортски клубови за тоа. Тие не доаѓаат за да се научат на дисциплина или да почитуваат наредби, ако би го сакале тоа ќе им се приклечеле на армијата.

Што значи дека улогата на водачот не е да биде професор, мајка или татко, поп, инструктор за спорт а уште помалку командант.

Децата доаѓаат да играат и како резултат на животната средина тие растат. Затоа водачот треба да има двојна способност за тоа како треба да игра со нив, притоа да има придонес на нивниот развој.

Којд подобар од брат или сестра да игра двојна улога?

**Постар брат или сестра игра со совите помлади браќа или сестри без да се преправаат дека се помлади од нив, со можноста да ја намалат нивната сила за помладите да можат да ја развијат својата. Постар брат или сестра секогаш го сакаат најдоброто за своите помлади, што значи дека додека тие играат они им даваат инструкции, безбедност и ги поправаат без казнување. Постар брат или сестра завидуваат на тоа каков модел репрезентираат: помладите сакаат да имаат авантури со нив, ѓи сакаат, го почитуваат тоа што им се кажува и се чувствуваат дека можат да им кажат се.**

**-Запознавајќи ги децата**

Лесно е да се биде постар брат или сестра, поради тоа што многу добри ги познавате помладите. Но не е лесно со деца кои доаѓаат од други домови или околини.

Вашата прва задача е да ги запознаете девојчињата и момчињата во своето јато. Знењето треба да има два аспекта: од една страна се главните карактеристики за децата од 7 до 11 години, а од друга страна, уникатната природа на секое дете, која зависи не само од карактеристиките на групата но и на безброј фактори од нивната лична историја и нивната околина.

За да ги запознаеш сите деца како индивидуи потребно е да поминете долго време со нив, внатре и надвор од јатото, да ја запознаете околината во која они живеат/функционираат, да ги набљудувате нивните реакции, да ги слушнете нивните фрустрации и желби... исто како псотар брат или сестра.

**-Како да играте**

Има неколку работи кои се атрактивни исто како играње. Деца и возрасни играат заедно без да научат како.

Возрасните играат на возрасен начин. За нас играњето е правење пауза и стапнување во рекреативен простор кој ни овозможува да се подобриме себеси и да се вратиме ре-креирани во нашите дневни обврски и нивните одговорности. За децата играњето е единствениот свет кој постои и играњето е единствениот начин да бидат дел од животот околу нив за да станат возрасни.

Затоа ние како возрасни кога играме со децата не е само играње туку начин да научиме како да играме со нив.

Водачот кој влегува во игра со деца е сеусште возрасен, кој е способен да идентификува и ужива во играта исто колку и нив, но несмее да се збуни со нив. Улогата на возрасниот, преку играње е да им помогне да видат некои работи кои можеби и не ги приметиле.

**Затоа лидерот:**

- Ја збогатува играта, ја носи до највисок степен на можности, но и го намалува ризикот со тоа што секогаш е пазлив, знаејќи колку далеку можат децата да одат и пази на опасноста за која децата не се свесни. Водачот ја прави играта позабавна, но треба да знае како да исчезне кога не е потребен и да биде спремен кога треба повторно да се појави.
- Ја живнува играта со мотивација, ги охрабрува децата, ги мотивира кога ќе изгубат мотивација, ја буди нивната желба за предизвици, ја креира правата околина за играта да има едукативен ефект и да ги охрабрува децата да научат повеќе.

- Ја регулира играта, секогаш да биде тука за да ги потсети децата на правилата, да знае кога играта да ја смири а кога да ја возбуди, достапен да помогне и да ги охрабри децата да одбираат, организираат, подобрат и оценат својата игра или активност.

Лидерите кои ја играат добро својата улога, кои ја збогатуваат и регулираат играта на децата и ќе помогне да придонесе максимален едукативен бенефит.

**- Имајте едукативен став и бидете одоговрен**

Постарите брат или сестра се секогаш слободни да ги ислушаат помладите, да ги водат, поправат или заштитат. Тоа го прават на природен или споантан начин без да научат како.

Водачите во извидници треба да го прават истото. И сето тоа пред да се здобијат со квалификации кои можат да им помогнат во нивните задачи, поради тоа што нема замена за природна склоност кои возрасните го добиваат за едукација на децата.

**Мора да се каже дека постар брат или сестра има предност пред водачот на јатото: што е нормално.**

**Немаме сите природна склоност кон децата кои не се наши браќа и сестри или наши деца. За да се биде добар водач на развигорци, со надеж дека ќе бидете добри водачи во извидништвото, кои се однесуваат добро со деца, мора да се запрашаме искрено дали сме, или мислиме дека може да развиеме, дека едукативниот став кој е добро искажан е атрибут на постар брат или сестра.**

**Поголемите брат или сестра исто така имаат предност пред водачот во врската помеѓу нив и децата. Нивните грешки или**

**оправдувања секогаш ќе бидат контролирани од нивните родители со одреден степен на толеранција, како резултат на темперамент или недостиг на љубов и безбедност или фактот дека се во процес на растење.**

**Но тоа не е случај на водачите. Нашиот едукативен став не е осуден од нашите намери, туку преку резултат и преку поврзаноста со децата на дневна база. И со деца кои не се членови на нашите семејства , грешките мора да се намалат на минимум и недостатокот не смее да биде дозволен.**

**Како водачи мораме да бидеме одговорни не само од едукативна перспектива, туку и несмеат да го прекршат законот. Децата имаат права кои мораат да бидат почитувани и ова е перфектно време да запомните дека кој и да ги прекрши овие права мора да биде целосно одговорен за нивните дејности. Па така, на страна од кои било други квалификации, водачите на развигорци мора да имаат барем 18 години.**

**Едукативниот став и одговорноста која ние ја препорачуваме за ние да ја поседуваме е:**

- **Зрел и емоционално стабилен**
- **Искрен во секое време**
- **Постојано етузијасти**
- **Безкрајно трпеливи**
- **Секогаш спремни да сослушаат**
- **Тактичен и почитуван**
- **Скоро имун на фрустрации и неуспеси**
- **Можност да се спротистави на искушението да се биде авторитетен или агресивен, и спремен да започне одново и одново.**

**Едукативната задача дури и за волонтери како водачи бара став и одговорност.**

**-Да се биде модел**

Водачите на јатото успеваат на децата да им ги вметнат вредностите и односувањата преку примери наместо преку зборови.

Процесот при кој детето мисли и реагира не вклучува логички линк меѓу слушањето, анализирањето и реагирањето, наместо директен или спонтан линк помеѓу надгледување и имитирање. Детето не смета само на себе дека правилата и лидерот зборуваат за одговорност и затоа треба да се чуваат. Наместо тоа, тие почесто го сакаат тоа што ќе го видат и направат на истиот начин, особено имитрајќи ги луѓето кои тие ги почитуват и им се восхитуваат.

Имитација не форма на учење ексклузивно за детството, поради тоа што и возрасните го применуваат тоа што нивните сакани личности го прават.

Да се биде модел не е многу тешко ако настапиме со искреност и сме во согласност со тоа што го правиме и кажуваме. Но може да излезат компликации ако сме загрижени со нашето однесување пред развигорците.

**Развигорците ќе се восхитуваат ако ве видат како морално искрена и емотивна личност во врска со самите себе, со светот, со околината и со духовната реалност. Секако дека нема да го сватат така, но тие се алармирани на се што вие правите и ќе ги почуствуваат вашите вистински вредности преку вашето дејствие.**

**-Учиме постојано**

Кога се обраќаме на целта на Извидничкото Движење, велиме дека се состои од придонес на целокупниот развој и едукација во тек за деца и млади. И ако тоа помине кај младите тогаш е валидно и за водачите, особено земајќи го во предвид тоа што ние сме повикани да оставиме впечаток.

За среќа ние никогаш не престануваме да учиме и во голем степен е префрлено на нас да се здобиеме со ново знење и да делиме нови искуства, постојано растејќи.

Ова се однесува не само на нашите животи во главно, но и во нашите улоги на извиднички водачи, поради тоа што знаењето и искуството што можеме да го добиеме имаат директен ефект на нашата работа со деца.

Рековме дека мора да имате едукативен став, кој се појавува во нашиот пристап, но сега е јасно дека тоа не е доволно. Вие морате да развиете едукативна способност која ќе ја демонстрирате во тоа што знаеме и колку добро може да го прикажеме.

**Оваа способност се достигнува со наш постојан развој во сите аспекти на нашиот живот, но за нашата работа во јатото има основен минимум на знаење и вештини кои ни ги овозможува нашиот сојуз преку тренинг. Од суштинско значење е да се завземе удел во курсевите кои се во програмата на вашиот личен тренинг план и да се биде во постојан контакт со вашиот личен тернер.**

**-Да има време**

Состаноците со јатото, вашиот тренинг, подготовките, состаноците еден на еден со децата, се побарувачки на кои мора да им се посветите.

Ова треба да биде квалитетно и слободно време. Ако неделниот состанок трае 3 часа, дозволете си барем истото време  повторно со јатото да го поминете. Направете го ова време тивко, без останати притисоци врз вас.

Ова бара лична дисциплина. Бара да го организирате вашето време, делејќи го помеѓу вашите различни обврски. Не земајте обврски на кои неможете да стигнете и секогаш доаѓајте на време.

**-Направете обврска во зададен период**

Вашата обврска на работата во јатото треба да биде во веќе закажан период, идеално за 3 години. Ова ќе ви овозможи да направите придонес за заедничка цел, ви гарантира некои резултати и набљудување на личен развој на децата чиј напредок вие ќе го гледате.

Јатото нема да биде стабилно ако водачот не е стабилен. А вие нема да пораснете како личност и како водач ако не ги направите задачите во дадениот период. Ако сте стабилни ќе се развиете во работата и ќе уживате во процесот.

**-Кажувајте им на луѓето што ќе правиме**

За некои луѓе извидништвото е начин на кои децата се забавуваат е се одтргнати од зло, за други е начин за организирање и вметнување на малку “дисциплина”. И секако има луѓе кои мислат дека извидништвото е само безопасна игра, што е малку наивно.

Сите овие слики покажуваат кон незнаење на есенцијалната едукативна природа на Извидничкото Движење. Сојузите секогаш бараат можности да го сменат ставот на децата и имаат издадено неколку публикации во кои е објаснето што правиме. Но тоа никогаш нема да биде доволно освен ако, ние како водачи им го

објасниме и демонстрираме на луѓето  едукативниот карактер на извидништвото.

Ова е многу важно поради тоа што овие ставови влијаат на околината околу тебе и детерминираат дали е или не е твојата работа прифатена од страна на опкружувањето во твојата околина. Директорот на училиштето, на професорите, дури и на родителите понекогаш им е потребна подршка едноставно бидејки не се запознаени со длабочината на Извидничкото Движење.

**Мораме да знаеме како да комуницираме, за тоа што правиме за луѓето околу нас. Прв неопходен чекор е да ја работиме нашата работа одлично, но исто така е важно останатите да знаат дека тоа го правиме одлично.**

**-Градење на тим**

Водење на јато не е работа за еден човек, колку и да е тој човек надлежен и енергичен. Тоа е задача за добро интегриран тим кој споделува одговорности еднакво помеѓу членовите.

Ако сте сериозни за вашата работа, тогаш овој тим мора да има барем 1 водач за секои 8 деца, сите возрасни над 16 години.

Главните задачи на администрацијата и организацијата се делат на членовите на тимот. Која и да е одгворноста во тоа подрачје, секој зема одговорност да го надгледува развојот на најмногу 8 деца.

Еден од водачите е водач на развигорците а останатите се помошници.

**-Специфична функција на индивидуални членови на тимот**

Нема стрикна диференцијација во јатото помеѓу функциите на тимот од водачи како група и нивните функции како индивидуални водачи. Секој тима мора да распредели задачи така што некој ќе земе задача за нешто што има искуство.

Како главен водич, во линија на тоа што досега го кажавме, сите членови на тимот се водачи, небитно на која позиција, мора да ги следи следниве специфични функции:

- Да се разгледаат индивидуални потреби на децата, охрабрувајќи ги да ја користат својата иницијатива и да завземат удел во активностите.
- Придонесување на правилно функционирање на децата, бидете сигурни дека членовите се интегрирани, информирајте ѓи децата за секоја промена на програмскиот циклус и направете ги потребните периодични промени.
- Придонесување на развојот, планирањето, донесување проценка кои ќе стојат во секој програмски циклус.
- Придонесување на надгледување и проценка на личниот развој на децата, и земајќи целосна одговорност за проценката на личниот развој на децата.
- Држете чест контакт со родителите кој го следат најголемиот развој на децата, и во некои случаеви со професорите кои се исто така задолжни за нивното образование.
- Учествувајте активно и регуларно во состаноци со јатото и сите останати релевантни состаноци.
- Извршување на административните и организациските задачи кои му се зададени на тимот.

**-Водач на развигорци**

Покрај наведените функции погоре, водачот на развигорци има различни координациски задачи во својот капацитет како главен на тимот, како што се:

- Организирање на состаноци со јатото, без оглед на одговорностите кои се поделени на другите водачи.
- Менаџирање на процесот на планирање на активностите според потребите на програмскиот циклус.
- Координирање на задачи за надгледување на личниот развој на децата.
- Охрабрувачки и надзорен личен тренинг на водачите на тимот, директно или преку личен тренинг.
- Координирајте ѓи активностите на јатото со останатите групи во одредот.

## Прогресивна рамка за развигорците

Развигорците треба да се стимулираат низ прогресивна рамка на достигнувања со цел програмата за нив постојано да е атрактивна, и да се стремат кон идните.

Целта на оваа рамка е развигорецот во првиот степен да се запознае со основните тематики на извидништвото, а потоа во вториот и третиот степен да ги надогради и усоврши истите, за да може да премине во наредната група (помлад извидник). За доделување на соодветен степен е задолжен самиот водач кој на крајот на годината според „развигорската тетратка“ и секојдненото следење на активното учество на поединците го доделува соодветниот беџ.

Со секое постигнување развигорецот добива препознавање на неговиот труд и е задоволен од постигнатиот индивидуален успех и успехот на неговото јато. Задачата на водачот е да го следи и евидентира индивидуалниот успех на членовите на јатото како и целокупниот успех на своето јато и да организира специјални пригоди каде ке ги одликува членовите со постигнатите знаења и достигнувања.

Сојузот на извидници на Македонија има изградено преогресивна рамка со одлики за да го унифицира и поттикне прогресивниот развој на развигорците.

Секогаш развигорецот најпрвин поминува период од три месеци кои се нарекува подготвителен период. Во овој период развигорците се запознаваат со извидничкото движење и организација, а по периодот од три месеци свечено дава завет со кој официјално ја прифака извидничката организација како своја.

Заветот треба да биде еден од најсвечените моменти за секој член, момент на кој извидникот ќе се секава и ке го гради свакањето за извидништвото.



Задачата за секој водач е овој момент да го направи посебен со силна дуговност и интимност за своето јато. До овој момент членовите на јатото не носат марами и марамите им се доделуваат по свечениот завет заедно со традиционалниот вечен чвор.



По подготвителниот период развигорците го продолжуваат својот пат. Категоријата развигорец низ прогресивната рамка е поделена на три нивоа на достигнувања и тоа

Првата година развигорецот  се здобива со шепа од лисица, која го одбележува неговиот почеток, брзината и способноста  за следење и  учење.



Оваа публикација е наменета за првата година во членство на развигорецот односно за возрас од 7 до 8 години.

Со цел да се осознае големината на прогресот кој е долгорочен процес водачот а и развигорците треба да ги познаваат наредните нивоа со цел да се стремат кон нив и да бидат мотивирани да дадат се од себе.

Втората година развигорецот  се здобива со шепа од рис, која го одбележува неговиот напредок во јатото, внимателноста, трепеливоста и способноста постојано да учи.



Третата година развигорецот се здобива со шепа од мечка, која ја одбележува истрајноста на развигорецот, растот во поголема индивидуа, способноста да размислува и одлучува.





Четврата година развигорецот се здобива со шепа од волк, која го означува потоплниот развој во патралота како еден пакт, физичкиот развој и спосоноста да лови-истражува.




Покрај достигнувањата кои развигорците ги стекнуваат годишно, најактивните развигорци дополнително се здобиват со брош – Волк , кој го означува неговиот особен развој и достигнувања во изминатите четири години.

Надвор од општата програма секако истовремено развигорецот се здобива и со ознаки за освоени вештини секако по демонстрирањето дека ги целосно совладал истите.

# Симболичка рамка

**Што е симболичка рамка ?**

Симболите и одбележјата се постојан елемент во спроведувањето на извидничката програма. Преку користењето на симболи и обележја, карактери и ликови водачот го анимира развигорецот внесувајки го во програмата при што развигорецот има сопствена улога и поистоветува симболи и значења со она што тој го прави и доживува.

Симболичка рамка му помага на секое дете да го пронајде своето место во групата и да се вклопи во неа. На тој начин полесно ќе се запознае со околината која го опкружува и ќе се стекне со способности за нејзино истражување. Со симболичка рамка сите деца ги изедначуваме, бидејќи им даваме можност да бидат во улога на некој друг, што на децата на таа возраст секогаш им е забавно.

Задачата на секој водач е на интересен и соодветен начин да пристапи кон изучувањето на целните активности, преку создавање на улоги, приказни, атмосфера, песни, значки, церемонии итн.

Работната симболичка рамка го претставува пристапот на водачот кон равигорецот за време на состаноците. Ваквиот пристап би го добил најголемиот ефект со примена на приказна преку која развигорезот најсоодветно ќе ја сфати и научи целта на состанокот и својата улога во него. Водачот треба да избере најприкладен начин на интерпретација на приказна како што е: „ Книга за џунглата“, „Тарзан“, „Трите прасиња“ или која било друга приказна (цртан) за која развигорите покажуваат особен интерес и желба.

Преку овој начин на пристап, развигорците најдобро и сликовито би ја запаметиле суштината на активностите, а водачот би си ја олеснил задачата за нивно оценување.

**Предлог и пример**

**<u>Симболичка рамка бр. 1 – Приказна за џунглата</u>**



Симболичката рамка е исклучително важен елемент на извидничкиот метод, особено при работа со извидници – развигорци. Роберт Баден Пауел, го базирал извидништвото за развиорците на една од приказната од Ридјард Киплинговата "**Приказна за џунглата**" наречена "Браќата на Могли".

И ден денес, оваа приказна како симболичка рамка ја користат многу извиднички асоцијации во светот, бидејќи е навистина прекрасна приказна за тоа што всушност претставува едукацијата.

**Симболичката рамка служи како свет на фантазија кој служи како инспирационална позадина на работата во патролата со развигорци.**

**Улогата на водачот е приказната да ја прераскаже на својата патрола преку изведување на активности со своето јато, давајки карактери на своите членови и т.н.**

**Исклучително е важно во тој процес водачот постојано да ги има на ум образовните цели кои се постигнуваат преку активнсотите и приказната.**

**Прочитајте ја Приказната за џунглата со цел квалитетно и добро да ја применувате при конструирање на симболичката рамка.**

**Приказната за џунглата од едукативен поглед**

Приказната за џунглата ја раскажува приказната за “слободните луѓе, луѓе-волци од Сиони”, симболично претставвајќи ги нивните **вредности**, односно **Законот** на Џунглата. ***Во тој поглед се поврзува симболиката со вредностите на извидништвото во јатото на водачот и со извидничките закони по кој работи патролата.***

Глутницата Сиони е позната во џунглата по вештината за организација. За разлика од групите на мајмуни, животни без никаков закон, волците имаат средина која се базира на припадност во својата глутница и почитување, како меѓусебно, така и на законот.

Без **правила**, лојалност и посветеност, без точно **поставени цели** и амбицијата да се постигнат, настанува хаос.

Преку **солидарноста** на глутницата, всушност малиот Могли учи како да биде слободен помеѓу волците, а мудроста и добрината на **постарите волци** во глутницата му служат како позитивен пример.

Воедно учи не биде глупав и наивен како мајмуните, или злобен како Шир Кан (тигарот).

Приказната за Џунглата воедно ни ги покажува карактерите на вистинските пријатели како:



**Балу**, кој не учи на мудрост, пристојност, добрина и строгост;



**Багера**, кој не учи на вештини, острина и нежност;



**Акела**, која не учи на храброст, одлучност, чесност и ни пренесува искуства;



**Каа**, која е симбол на интелелегенцијата и генијалноста;



**Хати**, кој е симбол на силата и знаењето и



**Ракша**, симбол на храброст.

Секое животно од џунглата симболизира посебена област од персоналниот развој кој извидништвото го иденфитикува како клучен за развигорците:

________________

Воедно, симболичкиот јазик на “Приказната на џунглата” ја обраснува врската помеѓу старите волци (водачот на патролата) и младенчињата (развигорците), и специфичните начини кои постојат во групата (The Council Rock) за взаемно донесување на одлуки и евалуација на животот на развигорците.

Меѓутоа, не треба да се обрзувате да ја поврзете симболичката рамка со секоја активност во патролата. Нема никаков проблем доколку активноста на состанокот нема никаква поврзаност со Приказната на Џунглата. Целата приказна е само еден начин за да им се објасни на децата вредностите, личниот развој и групниот живот во извидништвото.

Можеби за возрасниот ум е понекогаш тешко да се живее во различна симболична рамка, но децата немаат проблем со тоа – тие лесно може да ја разберат разликата меѓу она што е фундиментално и постојано (симболичката рамка) и она што е привремена тема за краткорочна активност (пр: тема на активноста на состанокот).

**Пример прказна : ( Подршка за водачот да ја раскаже приказната, преведен текст)**

**Приказната за Акела и Могли**

Во едни далечни времиња, во длабоките џунгли во Индија си живееја една глутница волци. Една топла летна вечер, Таткото Волк се разбуди, ги протегна своите шепи, и се подготви за лов.



Месечината сјајно продираше низ отворот на пештерата каде Мајката Волчица ги легнуваше своите четири мали младенчиња. Одеднаш, крај отворот на пештерата помина сенка и се чу глас: “Среќно нека ти е на лов Татко Волк, и среќно на твоите деца.”

Тој тмурен глас беше **Табаќи**, подлиот мал чакал кој, бидејќи беше премногу мрзелив да оди на лов, се хранеше собирајќи ги

остатоците од останатите животни. “Нема храна овде, но влези ако сакаш.” – му рече Таткото Волк.

“За сиромаво животно како мене, и сува коска е гозба.” – одговори **Табаќи**, влезе во пештерата и набргу си најде коска. Сега беше подготвен да зборува за другите во џунглата, и повторно да направи неволја.

“Шир Кан, силниот тигар, има нова зона за лов. До следната полна месечина, ќе лови во овие шуми.” Шир Кан беше тигарот кој живееше близу големата река, на 30тина километри од Таткото и Мајка Волци.

“Според Законот на Џунглата, тој не смее да ја промени својата зона за лов. Ќе ги исплашни животните и ќе побегнат.” – рече Таткото Волк.

“Не мораше ни да спомнувам. Еве, веќе можам да го наслушнам во близина.” – се одјави **Табаќи** и отиде да го побара тигарот.

Таткото и Мајка Волк наслушнаа. Од долината можеа да го чујат гневниот крик на тигар кој не фатил ништо од својот плен. Нему воопшто не му беше гајле ако целата џунгла дознае и чуе за тоа.

“Ах тој Шир Кан! Кога ќе научи,” – започна Таткото Волк, “не се започнува вечерен лов со толкава врева!” Гневниот крик се претвори во потивок глас, онаков каков што прави тигар кога лови луѓе.

“Зарем нема доволно жаби и бубачки, па мора да лови луѓе?” – нервозно кажа Таткото. Се слушна најчудниот, нај-не-тигровскиот крик од Шир Кан. “Што ли се случи?” – се збуни Мајката.

Таткото Волк веднаш оттрча, дојде до една пољана каде имало неколку колиби на дрвосечачи. “Шир Кан без воопшто да

размислува се фрлил во огнот на дрвосечачите. Ги изгорел шепите! **Табаќи** е сега со него, но ги исплашиле сите луѓе" – и рече на Мајката Волчица. "Шшшт! Слушај," – се одјави таа "нешто доаѓа од другата страна на ридот. Подготви се!"

Таткото Волк клекна и силно отскокна, но набргу запре бидејќи тоа што го виде беше мало момче.

"Човек!" – рече тој, "Момченце-волк, погледни!"

"Никогаш не сум видела еден." – рече Мајката, "Донеси ми го."

Таткото Волк го донесе во пештерата и го легна до своите младенчиња, веднаш покрај Мајката Волчица. Тој веднаш се приби до другите младенчиња. "Колку е малечок!"

Одеднаш, месечовиот сјај исчезна – на отворот на пештерата се појави Шир Кан, кој со својата огромна глава и рамена не дозволуваше месечината да продре до пештерата.

"Што ли сакаш сега, Шир Кан?" – го праша Таткото со лутина во погледот.

"Момчето-волк!" – веднаш му одговори Шир Кан. "Дај ми го веднаш!"

"Волците извршуваат наредби само од Акела, главата на дувлото волци. Момчето-волк е наше! "

Р'жењето на Шир Кан ја исполни целата пештера. "Мое е момчето-волк. Дајте ми го веднаш!"

Мајката Волчица веќе не можеше да издржи, се исправи на нозе и рече: "Момчето-волк е наше. Ти беше тој што ја исплаши цела негова фамилија. Тој не заслужува да биде убиен. Ќе живее, ќе трча и ќе лови со нашата глутница."

Шир Кан знаеше дека не може да се бори против двајца волци во пештерата, па замина, велејќи: "Ќе видиме што има советот на животни да каже за ова."

Таткото Волк беше помалу загрижен. Шир Кан беше во право. Што ли ќе каже советот на животни за ова? Но Мајката Волчица беше безгрижна. "Ќе го задржиме." – рече таа. Го викаа **Могли** бидејќи неговата кожа беше мека, мазна и без влакна. Могли остана во дувлото со младенчињата.

Кога беа доволно големи за да може да тргчаат, еден ден, Мајката и Таткото Волци ги зедоа со себе своите младенчиња и Могли, низ густата џунгла па се до состанокот на советот на животни на Council Rock***. Законот на џунглата вели дека сите волци мора да се соберат за да ги запознаат новите младенчиња во глутницата, за да ги чуваат кога ќе ги видат во џунглата. Секое младенче беше носено во средината на кругот, а Акела, големиот лидер на целиот совет на животни седејќи високо на Council Rock* повика: "Погледнете го секое младенче, волци. Погледнете убаво."

На крај, дојде ред на Могли, кој Мајката Волчица го донесе во средината на кругот, играјќи си со мали камчиња на месечовата светлина. Акела, воопшто не погледнувајќи, повторно повика: "Погледнете убаво, волци!"

Одеднаш се чу р'жот на Шир Кан. "Момчето-волк е мое. Дајте ми го, веднаш!" Некои од волците се збунија. "Зошто ни е потребно момче-волк во нашата глутница?"

Законот на џунглата вели дека ако има недоразбирање за правото на младенчето да се приклучи во глутницата, два члена треба да зборуваат во негово име. Акела праша: "Кој зборува во име на ова младенче?"

Најпрво немаше никаков одговор, но потоа Балу, поспаната кафена мечка која ги учи развигорците на правилата на пацкот, влезе во кругот и рече: "Јас ќе зборувам во името на момчето-волк. Дозволете му да биде дел од нашата глутница и јас ветувам дека ќе го научам на законот и правилата на џунглата."

"Ни треба уште еден." – рече Акела. "Кој освен Балу сака да зборува?"

Темна црна сенка тивко се појави во кругот. Тоа беше Багера, црниот пантер, моќниот ловец кој ги учи развигорците на вештините во џунглата. Со својот милозвучен глас рече: "Ако постои недоразбирање за правото на младенчето да влезе во глутницата, тогаш неговиот живот може да се купи. Така ли гласи законот?"

"Да" – се чу едногласен одговор од целиот животински совет.

"Во тој случај, ќе ви дадам свежо месо кое е во полјаната подолу, ако го прифатите Могли во глутницата."

Сите волци одеднаш проговореа: "Дозволете му да биде еден од нас. Какво зло може да ви нанесе момче-волк?" Еден по еден застануваа и го гледаа, потоа си одеа назад во своите дувла преку големите ридови, оставајќи ги Могли, Мајката и Таткото Волци, Балу, Багера и Акела.

Акела тогаш рече: "Добро тогаш, однесете го и научете го на Законот на Пактот."

И така Могли стана дел од волчјата глутница.

Материјали за поддршка:

Кратка приказна на Youtube каналот

Книгата на џунглата

Напредно ниво !

Карактерите од Приказната за џунглата може да ја користите како мотивација и инспирација на членовите да се залагаат да станат и ги следат вредностите како карактерите од приказната.

Приказната може да ја користете при примањето на нови членови кога според „законот на џунглата“ двајца стари членови треба да кажат зошто го прифаќаат новиот член и што ќе направат за да му помогнат во новата глутница(патрола).

## Симболичка рамка бр. 2 – Легендата за големото дрво

**Како втора препорачана приказна која можета да ја користете при работата во вашата патрола е и Легендата за големото дрво.**

**Легендата (Објаснување за водачот):**

Легендата раскажува за група од дечиња (поголеми и помали) кои одејќи по шумата се изгубиле. Не знаеле што да прават, почнало да врне, биле исплашени, немале каде да преспијат ниту што да јадат. Го сретнуваат големото дрво целите мизерни се кријат под неговите гранки но сепак не ги засолнува доволно, и одеднаш дрвото им проговорува (всушност тоа е духот на шумата кој живее во дрвото) и им нуди засолниште во своите корења. За возврат, дечињата треба да и помогнат на шумата да стане подобро место, да соживуваат со животните и да се грижат за растенијата, што директно ќе се поврзе со сите развојни полиња.



Втората предлог симболичка рамка е централизирана околу легендата за големото дрво. Големото дрво е симболично заштитнички карактер кој ги пречекува и добродојдува новите

развигорци во шумата. ***Препорачливо е да се направи мала церемонија во условите кои може да си ги дозволиме за пречекување на новите развигорци во шумата. Поставување на картонско големо дрво и поминување низ мала вратична низ него е еден предлог за симболички да се прикаже влезот на развигорецот во извидништвото.***

Она што е клучно е тоа што во Големото Дрво живее духот на шумата – (име кое може водачот да го подготви, име на патролата...) кој ги води низ извидништвото и е нивен главен заштитник. Во случајот на работа со патролата, овој дух е самиот водач, кој е лидер и заштитник на децата во својата патрола. Со тек на времето, како што детето ги открива тајните на шумата (односно извидништвото), се запознава со 6те бувови кои имаат свои мали засолништа во сплетот на гранки на големото дрво. Секое од овие 6 карактери му помогаат на детето да се осознае себе си и да напредува во различните полиња на развој, односно:

1. Име на Був – физички развој

2. Име на Був – интелектуален развој

3. Име на Був – односен развој

4. Име на Був – општествен развој

5. Име на Був – духовен развој

6. Име на Був – карактерен развој

Се препорачува секоја активност од различните развојни полиња кога ќе се организира да се обрне внимание на специфичниот

карактер од Големото Дрво што ќе ги води развигорците низ активноста и некако да се интегрира во работата на шумата.

Крајната цел е развигорецот да ги стекне сите потребни вештини и карактерно да се оформи за симболично да може да и помогне на шумата и на големото дрво, односно да биде примерен и подготвен извидник за да го направи горд својот водач.

Може да се направи и посебен завет, кој би гласел во стилот на:

Ќе бидам _____ (карактерна одлика) како ________ (ликот од бувчињата)

**Децата кои веќе започнуваат со втората година како развигорци, може да бидат оние кои ќе ги добродојдат новите развигорци и ќе им ја раскажат и ќе ги внесат во приказната за големото дрво**. Воедно, додека тие самите ќе истражуваат нови активности и ќе навлегуваат подлабоко во шумите, ќе им помагаат на своите помали другарчиња – извидници со нивните активности.

Конечно, третата година од извидништвото како развигорец, влегуваат во посебна категорија односно стануваат **Чувари на шумата.**

Оваа категорија би се креирала со цел развигорците кои се подготвуваат догодина да влезат во групата на извидници да почувствуваат повеќе одговорност и да не им биде здодевно. Оваа група би била одговорна за креирање на посебни активности и мини-проекти во шумата кои тие би ги обмислиле (нормално, со помош на водачот), а во тоа би ги вклучиле помалите извидници.

## ВИДОВИ НА РАБОТА

Патролниот состав е основниот облик на организацијата (работа во мали групи). Тој се остварува преку состаноци, излти, логорувања, натпревари и акции од спортски и културни активности.

СОСТАНОЦИ за патроли и дружини се редовни видови на работа. Патролата остварува состаноци, најчесто, еднаш неделно а исто така и дружината. На состаноците се запознаваат со нова стручна содржина, ѓи вежбаат веќе познатите, се договараат акции и други активности и ја селдат работата на членовите и јатата киако целина. Состаноците на младите извидници имаат коминирана содржина и методи прилагодени на нивните психофизички способности. Важен дел од состаноците треба да се посвети на игри, песни и културни активности.

Состаноците се одвиваат патролно, односно дружината како целина или пак во групи, екипи и слично. Состаноците мора предходно да бидат спремни и стручно водени.

ИЗЛЕТИ се организираат као полудневни, еднодневни или повеќедневни, најчесто во природа. За помлади извидници најчесто излетите се со цела дружина или патролно, а понекогаш и одредски.

Излетот е најчест вид на активност во природа, но може да се посетуваат и градови, историски споменици и други дестинации во склоп со програмата и содржината на работата по која патролата се води.

Водачите на дружината подготвува и го води излетот на дружината и координира подготовки за излет на патролите.

ЛОГОРУВАЊЕ е редовен и многу важен вид на работа со дружина или целиот одред. Поопширно под поимот логорување се подразбира сите врсти на повеќедневен престој во природа –

бивак, пловидба, патување со велосипеди, подвижно логорување, зимување итн. Извидничкото логорување е специфичен вид на организирано поминавање на слободно време за младите. Логорувањето во голема мера ги задоволува интересите и потребите на членовите, запознавање, вежбање и примена на стручни извиднички знаења и останати елементи на живот во природа, а потоа индивидуални параметри, способности, иницијатива и креативност на тој заеднички живот, соработка и демократија.

НАТПРЕВАРУВАЊЕТО е многу соодветен начин на работа, а се применува во дружини и одреди или помеѓу патроли во различни стручни дисциплини, на акции или како посебни активности кои можат да траат подолго време. Целта на овој начин на работа е вежбање и пркажување на знаење, способности и соработка, а не борба за престиж. Затоа треба да се даде предност за постигнување на нормата, а не ислучиво на пласманот. Осбено се важни натпревари со состави со единствени правила и со јасна програмска основа.

АКЦИИ во помала смисла значи опфаќање на некој облик заедничко делување на патролата, дружината одредот или повеќе одреди. Спрема начинот тие се динамични, спремна содржината најчесто тематски, а обично се многу привлечни за членовите. Акциите се важни доживувачки компоненти на извидничката работа. Извидниците ѓи задоволуваат своите интереси и потреби за индивидуална афирмација и живот исполнет со држба.

Најчести акции за извидниците се: смотра, свечености, маркетинг акции, рентабилни и доброволни акции, еколошки акции, маршови, собранија и останати средби на различни одреди.

СПОРТСКИ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ се остваруваат во склоп на сите начини на работа, но во специфични начини на спортски натпревари, културни групи, организирање и изведба на логорски оган и други приредби за членовите и пријателите на организацијата, издавање на патролни, дружински или одредски весник итн. Со тоа се негува извидничката етика, цивилизираното однесување и чесноста на конкурентската постака (“fair play”)

# МЕТОДИ НА РАБОТА

Во извидничките одреди непосредно се одвиваат две основни врсти на активности: индивидуална и заедничка работа на членовите. Оттука доаѓа потребата за различни методски пристапи.

Со тоа активностите и акциите се стекнуваат со нови знаења, вежби и практично применување на тие веќе постигнати знаења, вештини, искуства и способности од подрачјето на општата програма. Со нив се задоволуваат општите потреби и интереси на младите (едукација, спортски активности и сл.). Тие се остваруваат во патроли како целина а еден дел и во дружина. Поединечни елемнти се вежбаат, повторуваат или се прават задачи и активности во мали групи (екипи) во рамките на патролата. Делот за практични знаења и акции се остваруваат и на здружени кации помеѓу одредите.

Водачите на патролите и нивните помошници ја организираат работата на патролите и дружините, спремаат и водат акции и активности. Во процесот на усвојување на знаењата и нови вештини се применува искуството на постарите членови, извидничките инструктори и специјалисти, стручници или соработници на други организации и институции.

Активностите претежно се одвиваат во природа преку улога на секој член од патролата и дружината. Во зависност од конкретната содржина во работата, активностите се применуваат соодветни дидактички методи, со значителен дел од игри, песни, практична работа и меѓусебна соработка на членовите.

Метод на работа (на годишно ниво)

1. Учење преку игра (30 %)
2. Теоретска настава (10 %)
3. Практична настава (60%)

Начин на работа:

1. Работа во група (70 %)
2. Самостојна работа (30 %)

Според местото:

1. Активности во природа (40%)
2. Активности во затворена просторија-одред (30 %)
3. Активности во културно образовни институции (кино, театар, работилници, спортски сали...) (30 %)

# JATO

Јатото претставува организационата едица во која членуваат развигорците и во која работат и се развиваат водени од водачот.

Едно јато вообичаено брои од 10 до 20 развигорци.

Јатото го симболизира летот на птиците во група низ работата со развигорците во група подржувајки се и развивајки се заедно.

Јатото има свој симбол, песна, знаме и други одбележја кој ќе го презентираат идентитетот на јатото и при тоа развигорците ќе се ин=дентификуваат во своето јато.

Секој член во јатото има функција и одговорност за јатото, при што уште од најмали години се гради одговорноста и способноста за тимска работа, обврска кон општеството, и т.н.

Низ работата на јатото како организационен облик развигорците се водени низ извидничката програма и ги надминуваат поставените задачи и предизвици заедно со сите членови а водени од својот водач.

Припадноста во јатото им овозможува на развигорците континуиран облик и среднина која овозможува здрава едукација, социјализација и градење односи, развој на сите образовни полиња.

Задачата на секој водач е да заедно со своите развигорци работи на структурирање на јатото, постигнување идентитет и изнаоѓање функција за секој член, овозможувајки им на сите да го работат она што најмногу го сакаат и она што се најдобри.

## Како да го испланирам состанокот ?

Планирањето на состанокот е важно со цел заедно со вашата патрола да доживувате пријатни моменти кои се пред се интресни и забавни како за развигорците така и за вас.

Водачот треба да ужива во спроведувањето на активностите, и поттади тоа е наопходно истите да се добро подготвени и испланирани.

При планирањето на состанокот водачот треба да ги применува стекнатите вештини и да предвиде се во врска со состанокот.

Првиот чекор е секогаш поставување на целта, односно што сакаме да постигнеме преку остaнокот, дали е тоа дружење, социјализација и добра забава, дали е тоа совладување на вештини, зајакнување на патролниот дух или повеке работи одеднаш. Важно е да се биде конктретен и да се цели кон специфичен производ...кон специфична цел.

Откако ја имате поставено целта на состанокот треба да започнете со планирање на оликот и методот (како) ќе ја спроведете вашата активност, потоа кога и каде истата ќе се случи, колку ќе трае и што се ви е потребно.

Откако ќе го поминете и овој процес навратете се уште еднаш и планирајте кого се треба да известете, дали имате материјали и дали активноста е безбедна и погодна за сите членови.

Процесот на планирање воопшто не е наивен и добриот водач без разлика на искуството и вештините секогаш го применува и при наједноставните активности.

Бидете подготвени, бидете добар водач !

**Предлог шема за планирање на вашиот состанок**

Планирање на состанок/активност

Дата _____________
Место __________________

Специфична цел на активноста: _______________________________
*(*Предлог активности имате во наредниот сегмент од оваа публикација*)

| **Облик** | **Метод** |
|---|---|
| Состанок | Игра |
| Прошетка | Песна |
| Логорување | Практична работа |
| Излет | Предавање |
| Свеченост | Разговор |
| Посета | Цртање |
| Натпревар | Работа со пишување |
| Работна акција | Тимска задача |
| _________________________ | Демонстрација |

Тема:

Времетраење:

Шема на активноста:

Потребни материјали:

Кого да известам:

Регистрација на активност:

Безбедност на активноста:

Пристапност и подобност на активноста:

## Регистрација на активност и комуникација со јавност

### Регистрација на активност

Со цел да се постави платформа на која ќе се следат активностите на вашата патрола и ќе се води евиденција за истите потребно е активностите на вашата патрола, состаноците да ги регистрирате на националната платформа – www.scout.org.mk/registracija

Преку регистрирање на вашата активност со истата ќе бидат запознаени одговорните во вашиот одред и канцеларијата на СИМ.

Регистрацијата е наменета да ви помогне при самото планирање на активноста и воедно да ви понуди простор за евелуација на самиот водач на крајот од годината.

Преку регистрирање на настанот исто така ја зголемувате безбедноста на активноста бидејки началникот на вашиот одред и канцеларијата ќе имаат информација за локацијата и за настанот.

### Информирање и комуникација со јавност

Комуникацијата со јавноста а особено родителите е исклучително важна. Ние ги охрабруваме впдачите да ги користат модерните социални медиуми за комуникација а препорачуваме да ја користете дата базата на светската извидничка организација - www.scout.org

На веб платформата може да изработите профил на вашата патрола, прикачете информации за активностите.

**Внимавајте: Забрането е објавување на лични податоци од вашите членови во јавноста, исто така доколку сакате да објавете фотографии од активности побарајте предходна дозвола од родителите на вашите членови.**

# Свечености и валоризација

## Валоризација

Развигорците се категорија на деца за кои е исклучително важно признавањето на нивните достигнувања и следствено на тоа валоризацијата која претставува процес на признавање и наградување на трудот на развигорците е исклучително важен процес за кој е одговорен водачот.

Развигорците се стремат кон достигнување на повисоки ниво, ознаки, чинови, рангови, награди. За нив тоа е мотивирачката приказна која ги анимира и ги стимулира да се залагаат, да се развиваат и да дадат се од себе.

Водачот ја има улогата на човек кој ја евидентира активноста и залагањата на развигорците, го следи нивниот развој и во моментот кога развигорецот ќе постигне одредено ниво, ќе усоврши дадена вештина должен е на уникатен и транспарентен начин до го одликува и награди секој развигорец индивидуално.  Секако за да го разберат значењто на тимот, јатото одредени заслуги водачот ги доделува на сите како тим и тоа јасно го напоменува.

Првата валоризација секако е по давањето на заветот, кога развигорецот ја добива својата прва марама и вечниот чвор. Понатаму овој процес треба да продолжи низ годината со доделување беџ за освоена вештина во моментот кога развигорецот целосно ќе ја совлада истата.

Следствено во понатамошниот текст е објаснет процесот за стекнување на заслуги, вептарства и одлики за кои водачот е

задолжен постојано да врши евиденција, валоризација на своите развигорци и јавно да ги одликува.

***Беџови за вештини***

Во категоријата развигорци постојат 45 различни видови вештини кој прогресивно се освојуваат во текот на четирите години. Критериумите се објаснети во публикацијата „Извиднички вештини“. Истите се повторуват и секоја година се освојува по напредно ниво. Беџовите се тркалезни со жолта

основа и црн обрач за првата година, син за втората година, зелен за третата година и црвен за четвртата.

Во моментот кога водачот ќе увиди дека некој од неговите членови ги исполнил поставените критериуми го одликува развигорецот со беџот за конкретната вештина, притоа забележувајки во својот дневник и во дневникот на развигорецот.

Беџовите не се доделуваат ретроактивно туку исклучително само во момомет кога развигорот ја следи тековата програма и се оспособува со вештините.

Извидниците и развигорците без разика дали ги имаат постигнато вештините доколку не се дел од моменталниот процес не можат да бидат наградени со истите. Тоа ќе создаде фер атмосфера и ќе ја одржи вредноста на беџовите во очите на вашите развигорци.

Доколку имате нов член кој во мегувреме се приклучил во вашето јато истиот се приклучува на моменталниот тек на програмата и доколку програмата не овозможи стекнување на дадена вештина што сигурно е можно, новиот развигорец мора да ја чека наредната година каде може да се стекне со почетното ниво од предхоната

година но може да ја освои и вештината во нивото на тековната година.

Почитувањето на правилата е исклучително важно за себеси да се изградите во почитуван и фер водач со јасни критериуми а дополнително ќе ја одржите мотивацијата на вашите развигорци.

**Годишно ниво – Шепа од лисица**

На крајот од секоја програмска година развигорците треба да се наградат доколку биле редовни, учествувале на активностите и постигнале личен напредок. Основниот критериум за доделување на лисичевата шепа како одликување е развигорецот да присуствувал и учествувал во над 70% од активностите на јатото предвидени во овој прирачник. Подеднаквиот однос кон сите членови е исклучително важен за развигорците и следствено водачот треба да биде искрен, фер и транспарентен.

Учењето на развигорците да функционираат по јасно зацртани правила ги оформува развигорците во чесни и здрави индивидуи кој знаат да ги ценат и почитуваат правилата.

## Свечености

Создавањето посебни моменти за вашите членови ке го направи нивното членување по емотивно, духовно и исполнето.

Свечените моменти се важни за да во вашето јато изградите чувство за припадност а воедно и да го изградите и чувството за припадност во извидничкото движење.

Посебните моменти ќе доведат до поголема привразаност и посветеност.

Покрај заветот како свечен момент во тековната година препорачливо е водачот повремено да орагнизира пригоди во кој на свечен начин ќе се спроведува некоја активноаст или организира свечено доделување на беџови за освоени вештини. При ваквите посебни прилики важно е развигорците да почуствуваат чувство на повисока вредност при што можете да поканете некој повозрасен член, налчалникот, старешината....да присуствува на доделувањето и лично да им честита.

На крајот на секоја година секогаш орагнизирајте забава за вашето јато, заедничка прослава. Изработувајте заеднички слики и споделувајте ги вашите моменти на социјалните медиуми, истите ќе приодесат и за следење од родителите за вашите активности а и за потврдување на заедничката забава.

На крајот на секоја програмска година при доделувањето на останитет заслуги, доделувајте и смешни – позитивни  награди, за најдобар пејач, најредовен член, развигорец-спанко и.т.н. Ваквите

награди се лични и ќе постигнат чувство за уникатност, што всушност е и целта бидејки секое дете е уникато и единствено.

Поминувајте ги прославите и празниците заедно доколку е тоа можно, организирајте мескембал, новогодишна забава....прославувајте го секој можен момент и имајте забава со цел.....да создадете подобар свет !

## ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ

Комуникацијата со родителите е задолжителен сегмент од работата на водачот. Родителите ги препуштаат своите деца во рацете на водачот и нормално е да бидат загрижени и да се интересираат за што нивното дете прави на извидници.

Водачот без разлика на се мора постојано да комуницира со родителите/ старателите и да ги информира за активностите на нивното дете, неговиот напредок и евентуалните проблеми.

Запомнете деке никој не го познава вашиот член подобро од неговите радители/старатели, постојано прашувајте и советувајте се со нив и изградете однос на пријатели во постојана комуникација.

Постојат повеке фази кои се важни да се следат во однoст со родитеите

**Зачленување**

При зачленувањето остварите состанок, представете се, објаснете што ке работите во тековната година, оставете ваш контакт и побарајте контакт од родителот. Побарајте меил адреса на која ќе доставувате известувања за напредок.

Разговарајте со родителот/старателот за евентуални информации кои се важни и би требало да ги знаете, евентуални алерии, проблеми, навики и др.

Бидете пријатен и покажете стабилност и доверба.

**Во текот на членувањето**

Редовно комуницирајте и споделувајте ја евиденцијата за вашиот член. Советувајте се редовно и секогаш известувајте во следниов формат:

Што постигнавме , зошто е важно !

Што ќе постигнеме, зошто е важно !

Испракајте календар со активности и канете ги родителите на активностите, родителите можат да бидат ваша најголема и квалитетна поддршка, користете ги нивните познанства и компентанции.

Во текот на распустите пратете потсетување за датумот кога започнувате пвторно со активности.

Бите партнер на родителите кон градењето и развојот  на нивното дете!

## ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата е клучен сегмент од работата на секој водач. Тоа е процес кој на водачот ќе му овозможи да ја оценува својата работа, додека на Сојузот на извидници на Македонија евалуацијата ќе му овозможи да ја подобри својата програма. Но што всушност таа преставува? Како таа може најефективно да се спроведе? Евалуацијата може да преставува комплексен процес ако не се одвива секојдневно.

Зошто е важна евалуацијата?

При секоја работа, без разлика дали е волонтерска или платена позиција, потребно е секогаш да се врши проверка на постигнатите резултати. Тоа е неопходно доколку сакаме да ја вршиме својата работа правилно, да бидеме сигурни дека нашата работа има резултати, но и исто така и да дознаеме до кој степен сме ги оствариле зацртаните замисли.

Во однос на тоа кон кого е насочена, постојат два типа на евалуација:

1. Евалуација на работата на извидниците;

- Овој тип на евалуација водачот е треба да го спроведува 4 пати во една извидничка година, односно на секое тромесечие. За да го оствари тоа, постојат повеќе форми на евалуација кои водачот може да ги користи:

1.1 Евалуација со примена на класичен метод на оценување од страна на самите развигорци каде што водачот ќе им даде задача да ја потполнат евалуацијата која се наоѓа после секоја активност. Во секое тромесечие, водачот е должен да ги собере оценките и да пресмета аритметичка средина односно средна оценка.

Покрај тоа, во работните тетратки наменети за развигорците постои и форма на наративна евалуација каде што тие ќе треба да се искажат според насочени прашања. Водачот треба постојано да ги мотивира развигорците кон критично размислување и да ја

промовира нивната желба за искажување на своите потреби и евентуални проблеми во однос на јатото.

Постигнатите резултати, на крајот на извидничката година треба да ги достави до началникот на својот одред.

2. Само-евалуација

Водачот треба да се осигура дека неговото јато ќе помине низ овие два типа на евалуација.

Пр. 1 Колку се забавни активностите на извидници?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

пр. 2 Колку се забавни состаноците во одредот?

Пр. 3 Колку се интересни активностите во природа?

Пр. 4 Какви активности сакаш во иднина?

Пр. 5 Што мислиш за минатата недела на извидници?

**Предложениот модел**

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Побарајте секој член да даде оцена во секој сегмент од 1 до 5. Соберете ги оцените и поделете ги на бројот на членови. На крајот ќе добиете коефициент за целокупната активност.

Секогаш трудете се да развиете кај вашите членови искрена евалуација и секогаш трудете се да бидете подобри наредниот пат.

**Предлог**

# АКТИВНОСТИ





**Активност #001**

***Прв состанок, добредојдовте во извидници!***



Првата активност секогаш треба да биде интересна и забавна. Препрачливо е истата да биде исполнета со игри за запознавање.

Потрудете се да ги вклучите сите развигорци и да постигнете момент на целосна интеракција и комуникација со сите членови. Во оваа фаза е исклучително важно и вие да бидете дел од јатото и пријател со сите членови.

По игрите на членовите објаснете што е тоа јато, насочете ги кон идентификување на себе во јатото, осмислување име и симбол на своето јато и дадете им обврска за наредниот состанок, притоа истиот најавувајки го во точно предвидено време.

Потребни материјали: Реквизити за игра, униформа, боици и харија.

## Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот разбира дека извидништвото нуди забава, дружење и здрава средина за активности.
- Развигорецот разбира што е тоа јато и знае да го нацрта симболт на своето јато и неговото име.
- Развигорецот работи во тим со своите врсници кон остварување на зададените задачи.



**Активност #002**

***Запознавање со извидничкото движење. Презентација на извидничката униформа.***

Полигон на кој во парови, преку тимска работа (едниот насмерува, другиот бара) треба да се соберат главните амблеми од кошулата, а потоа да се наместат на соодветното место.

Направте кратка презентација со слики за историјата на извидништвото, познати членови во извидничкото движење и кратки видео клипови од извиднички активности. Потрудете се презентацијата да биде забавна и да предизвика интерес кај развигорците.

Направете интерактивна презентација за извидничката униформа. Поделете го јатото на 4 групи, на секоја група поделете испринтани листови со извидничата кошула на која нема да има амблеми и марама. Потоа дадете им задача на групите да ги нацртаат амблемите и марамата.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

____________________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со извидништвото, основачот на извидничкото движење и големината на извидничкото движење.
- Развигорецот ја распознава униформата и незините составни елементи.
- Развигорецот работи во тим со своите врсници кон остварување на зададените задачи.

**Активност #003**



***Карактерни особини на извидник***

Гледање на извиднички филм (Up), а потоа преку раскажување на впечатоците од филмот, да ги извлечат извидничките и развигорските закони, за на крај преку ликовите од филмот да ги претстават во својата тетратка.

Гледање на извиднички филм(UP), запознавање со извидничките закони.

Во соработка со водачите од одредот или од другите одреди организирајте мини извидничко кино. По завршување на филмот споделете ги впечатоците од ликовите и нивните постапки, и преку истите извлечете ги извидничите закони. Потоа објаснете и презентирајте ги извидничките закони преку примери.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот разбира дека извидништвото нуди забава, дружење и здрава среднина за активности.
- Развигорецот разбира што е тоа јато и знае да го нацрта симболт на своето јато и неговото име.
- Развигорецот работи во тим со своите врсници кон остварување на зададените задачи.



**Активност #004**

## *Извиднички поздрав, симболика и употреба*

Овој состанок повеќе се фокусира на духовното значење на извидничкиот поздрав. Направете презентација на извидничкиот поздрав, потоа објаснете ја неговата примена и неговата симболика. После овој состанок секој член на јатото треба да даде поздрав кон водачот пред започнување и по завршување на состанокот.

Во остатокот од состанокот анимирајте ги своите членови со игри од забавен карактер и на крајот од овој состанок поздравете се со извидничкиот поздрав.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со духовните вредности на извидничкото движење.
- Развигорецот го учи и препознава извидничкиот поздрав неговата примена, како и неговата симболика.



**Активност #005**

***Бивакување и престој во природа***

Активностите во природа се најважните активности за развигорците, при активностите во природа развигорците излегуваат надвор од својата комфорт зона, истражуваат, учат и доживуваат авантура. На овој состанок користете симболика во активноста и организирајте приказна низ која ке патувате. Постевете патни знаци и научете ги своите развигорци за нивното значење, потоа креирајте неколку знаци објаснувајки дека оставате порака за другите јата. Пешачете во природа и организирајте пикник пауза за на крај заедно со својта патрола да започнете изградба на неколу патенти и импровизирано засполниште. Вклучете ги сите членови давајки задача која сакаат да ја вршат. Пред состанокот добро подгответе се и испланирајте ги задачите, локацијата и сите потребни реквизити.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот учи за природата и неговото опкружување
- Развигорецот се запознава со ознаки и патни знаци
- Развигорецот е свесен за ресурсите кои ги нуди природата и опасностите кои се присутни во неа
- Развигорецот придонесува со својот труд



**Активност #006**

***Прошетка во природа, ориентација***

Организирајте еднодневна прошетка во природа. Пред тргнување на секој развигорец од вашето јато поделете му по 3 испринтани слики од растенија и дадете му задача да ги пронајде за време на прошетката. Откако сите развигорци ке ја завршат својата задача, направете пауза за кратка презентација на разни видови растенија (трева, грмушка, листопадни и зимзелени дрвја).

Низ игра објаснете ги страните на светот и зборувајте за облиците на релјефот давајки им на знаење за основните релјафни облици.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со активностите на извидничкото движење во природа.
- Развигорецот се запознава со разни видови на растенија, нивните лековити својства и опасноста од нив.
- Развигорецот ја зголемува својата физичка способност.
- Резвигорецот ги учи страните на светот и основни методи за нивно одредување
- Развигорецот ги оспознава основните релјефни облици



**Активност #007**

*Екологија и животна средина*

Направете видео презентација за екологија користејки видео, објаснете колку екологијата е значајна за квалитетот на животот во нашето општество. Потоа организирајте еколошка акција со вашето јато или во соработка со целиот одред во околината на вашата општина(може да се направат повеќе групи и да поделите задачи за селекција на отпад, количина на отпад...), во која ке собирате материјали за рециклирање кои можете да ги искористите за изработка на разни предмети(патенти, елка, хартија...).

Дополнително изработете ѕиден весник со еколошки пораки и еколошки предмети од собраните материали.

Посадете графче во мало канче и во текот на годината заедно како јато полевајте го со вода и овозможете му светлина. Објаснете им ги на развигорците основните процеси на животната средина.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со екологијата, колку е значајна за општество и потребата и начините за зачувување на животната средина.
- Развигорецот се запознава со основите процеси на животната средина .
- Развигорецот придонесува во својата заедница
- Развигорецот работи во тим со своите врсници кон остварување на зададените задачи



**Активност #008**

***Бивак***

Во соработка со началникот и останатите водачи на јатата и патролите во вашиот одред, организирајте дводневен бивак во близина на вашиот град.

Бивакот треба да содржи активности од натпреварувачки карактер како и пионерски активности.  Целта на бивакот е развигорците да ги покажат и применат стекнатите вештини и да се запознаат со другите членови од одредот.

На бивакот организирајте заеднички игри со останатите развигорци а надвор од натпреварувачкиот дел функционирајте како јато и обавувајте заеднички задачи како градење на пионерски патенти, ограда, уредување на кампот и др.

Важно е на крајот од денот да одржете краток состанок на кој сите ќе истакнат што им се допагало а што не во текот на денот и да ги споделат импресиите од активностите.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со околностите, опасноста и важноста од подготовка за престој во природа.
- Развигорецот стекнува искуство од постарите извидници.
- Развигорецот учи нови пионерски вештини и ги применува своите знаења
- Развигорецот работи во тим кон постигнување резултати

**Активност #009**



## *Посета на зоолошка градина*

Организирајте посета на зоолошка градина.

Објаснете ја разликата помеѓу домашните и дивите животните, нивната улога во природата и опасноста и придобивките од нив.

Разговарајте за различноста и карактеристиките помеѓу домашните и дивите животни и дадете им задача дома да нацртаат кое им е омилено животно и да објаснат зашто на почетокот на наредниот состанок.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознава со домашните и дивите животни и колку се корисни за природата и човекот.
- Развигорецот учи за карактеристиките на животните и нивните способности.
- Се зголемува одговорноста кај развигорците со доделување на домашни задачи.

**Активност #010**



*Спортски активности*

На децата им се потребни спортски активности. За да ги објаснете различните видови на спорт за најдобар пример ги имате олимписките игри. Објаснете им на децата од каде потекнуваат олимписките игри, зошто има 7 круга на знакот и што значи знакот. Одкако ќе го направите тоа, може да им организирате мали олимписки игри кои можете да ги направите на ниво на одред или пак во соработка со друг одред. На таа мала олимпијада треба да имате што повеќе спортови, па така можете да започнете со фудбал, кошарка, одбојка или пак ако сте во можност и други спортови како стреличарство или скаутбол.

Разговарајте со вашето јато за значајноста на спортот и неговата улога во развојот на секој од нив, објанете ги придобивките од пректикување спорт.

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот ги разбира разлчичните облици на спорт
- Развигорецот працтикува спортски активности
- Развигорецот ја зголемува својата физичка активност
- Развигоецот се запознава со извидничко-спортски игри
- Развигорецот учи за олимписките игри и значењето
- Развигорецот преку игра и спорт учи да се справува со порази и да биде скромен во победите.



**Активност #011**

***Посета на спортски објект***

Организирајте посета на спортски објект во вашата околина кој нуди простор за развој на спотските способности. Со вешето јато учествувајте на спортска активност на ниво соодветно за нивната возраст. Задолжително трудете се тоа да биде спортска активност која подеднакво ја владеат сите.

Можете да посетете лизгалиште, куглана, играјте одбојка, кошарка, фудбал...

Представете еден национален тим на Македонија и прикажете им ги нивните најголеми успеси и порази, разговараје за чувствата при пораз и при победа.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запоснава со спортот во својата локална заедница.
- Развигорецот го развива својот спортски дух.
- Развигорецот ја продлабочува својата национална припадност преку спортот.
- Развигорецот учи за спортска култура и бон тон.
- Развигорецот преку спортот го продлабочува разбирањето на тимот и улогата во тимот.



**Активност #012**

*Лична хигена и здравје*

Потребно е развигорците да ги знаат правилата за лична хигиена и здравје. Со ваша помош и нивни идеи направете ѕиден весник кој може да биде составен од листови, хамери или пак некое големо платно. Треба развигорците да дадат што повеќе идеи притоа можете и да им демонстрирате работи за лична хигиена како на пример миење раце или овошје.

Стекнуваењето на навиките пректикувајте го постојано на сите состаноци и активности и потрудете се истото да го представете како забава.

На хамер дадете задача да јатото нацрта извидник кој практикува хигиена наспроти извидник кој не практикува. Додека јатото работи сугерирајте им да внесат елементи од повеке аспекти како чистотија, среденост, опкружување итн.

## Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Постигнати едукативни и развојни цели:

- Развигорецот се запознаваат со принципите за лична хигиена.
- Развигорецот се запознава со важноста на човековото здравје.
- Развигорецот се грижи за својата хигиена и за своето здравје на повисоко ниво.



**Активност #013**

***Бон тон***

Во текот на својот развој потребно е развигорците да го изучат и основниот бон-тон како и неговото значење.

